# ПРОТОКОЛ

## ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ СОМНЕВАЊЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И / ИЛИ ПОСЕДУВАЊЕ НА АЛКОХОЛ ВО УЧИЛИШТЕТО

Скопје

2011 / 2012

СУГС ,, Никола Карев ” – Скопје

# Протокол за постапување при сомневање за користење, користење / и или поседување на алкохол во училиштето

Овој протокол е наменет да ги дефинира постапките и одговорностите на членовите во училишната заедница во однос на регулирањето на употребата на алкохол во училиштето. Со овој протокол се надополнуваат постоечките регулативи кои произлегуваат од Законот за средно образование, Статутот на училиштето, Кодексот на однесување и се овозможува нивно усогласување во секојдневната практика во училиштето. Постапките предвидени во овој протокол се наменети за решавање на проблемите и овозможување на подобра атмосфера за учење, работа и развој на личноста на секој присутен во училиштето.

Невозможно е да се работи ефективно под влијание на алкохол , затоа не е дозволено да се биде под дејство на алкохол или се поседува алкохол за време на работните часови и во текот на едукативните активности во улилиштето.

| Однесување | Активност – Мерка | Лица кои се вклучени |
|---|---|---|
| **1. Сомневање за употреба на алкохол – ученикот, ката покажува знаци на отсутност за време на наставата**. | ●Наставникот си ги разјаснува причините за сомневањето (промени во однесувањето, физичкиот изглед, нагли промени во училишните постигнувања) | Наставник |
| | ●Наставникот разговара за сомневањто со ученикот/ката | Наставник, ученик |
| | ●Наставникот го известува класниот раководител за сомневањето | Наставник, класен раководител |
| **2. Доколку се отфрли** | ●Класниот раководител ги информира родителите и ги | Класен раководител, ученик, |

| | | |
|---|---|---|
| **сомневањето за употреба на алкохол, а остануваат промените во однесувањето** | повикува на разговор заеднички да утврдат на што се должат промените во однесувањето на ученикот/ката | родител |
| **3. Доколку се потврди сомневањето дека ученикот користел алкохол непосредно пред часот или се открие дека за време на наставата во училиштето ученикот е под влијание на алкохол или поседува алкохол за време на часовите** | ●Наставникот кој открил го информира класниот раководител<br><br>●Класниот раководител ја информира Стручната служба и го упатува ученикот на советодавен разговор за утврдување на причините и укажување на последиците од таквото однесување<br><br>●Се реализираат неколку советодавни разговори меѓу ученикот и педагогот, психолог со претходно направен заеднички договор<br>( педагогот, психологот прават проценка за сериозноста на ситуацијата кај ученикот и донесуваат одлука дали ќе се повикаат родителите на ученикот )<br><br>●Класниот раководител постигнува усмен договор за неповторување на однесувањето и дава предлог за вклучување на ученикот во некои дополнителни активности во училиштето – се задава задача на ученикот да напише есеј на теми поврзани со здравјето или штетните супстанции или се вклучи во некои општествено корисни активности<br><br>●Во зависност од степенот на сериозност на ситуацијата со ученикот или ученикот покажува неприфаќање на одговорноста или манифестира несоодветно однесување се | Класен раководител<br>Ученик<br><br><br><br><br><br><br><br>Педагог<br>Психолог<br>Наставник<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Класен раководител<br>Родител |

| | | |
|---|---|---|
| | повикуваат родителите или старателите на ученикот<br><br>●Класниот раководител ги информира родителите /старателите на ученикот и им посочува дека училиштето ќе ја даде неопходната поддршка на ученикот и нема да го отстрани од училиштето, но ќе ја бара нивната поддршка во одржување на договорот кој ќе се направи со ученикот | |
| **4. Доколку ученикот го повтори однесувањето и нема напредок и покрај разговорите со класниот раководител и Стручната служба** | ● Се постигнува и потпишува писмен договор меѓу класниот раководител  и ученикот за понатамошното однесување со цел да се зголеми одговорноста на ученикот за сопственото однесување и разбирањето на последиците од него.<br><br>●Договорот го потшишуваат класниот раководител и ученикот,ката во просториите на Стручната служба и се изрекува соодветна педагошка мерка – се намалува поведението<br><br>● Според проценката на стручниот соработник може да се започне со советување – стручниот соработник врз основа на проценка на ситуацијата и состојбата на ученикот донесува одлука дали советувањето ќе го  реализира стручниот соработник или ученикот ќе биде упатен кај стручно лице во соодветна инстиуција<br><br>●Може да му се даваат дополнителни задачи на ученикот или се вклучи во некои општествено корисни активности<br><br>●Класниот раководител во соработка со наставниците го | Класен раководител<br>Ученик<br>Стручен соработник<br>Родител/старател<br><br><br><br><br><br><br><br>Ученик, стручен соработник<br>Надворешен стручен соработник<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Класен раководител |

| | | |
|---|---|---|
| | следи напредокот на ученикот и исполнувањето на обврските од договорот<br><br>●Доколку ученикот/ката го исполнува договорот и корегира несооодветното однесување се пофалува и известува родителот за напредокот и подобрувањето | Наставник<br><br><br>Класен раководител, ученик, родител |
| **5. Класниот раководител заклучува дека ученикот/ката не покажува подобрување во однесувањето и покрај потпишаниот договор** | ●Класниот раководител го информира стручниот соработник<br><br>●Класниот реаководител го повикува родителот и информира за застојот и /или непочитувањето на договорот од страна на ученикот и новите проблеми<br><br>●Стручниот соработник разговара со родителот<br><br>●Според проценката стручниот соработник може да го упати ученикот,ката и родителот во соодветна институција , организација ( Центар за социјална работа, семејно советување ...)<br><br>●Соработка со надворешни институции при што се бара стручно мислење од нив<br><br>●Се информира директорот на училиштето и заедно одлучуваат за понатамошните чекори<br><br>●Доколки нема напредок се информира класниот и | Класен раководител,стручен соработник<br>Класен раководител,стручен соработник, родител<br><br><br><br><br>Стручен соработник, надворешен стручен соработник<br><br><br><br><br><br><br>Класен раководител, стручен соработник, класен и наставнички совет |

| | | |
|---|---|---|
| | наставничкиот совет, директорот на училиштето и заедно одлучуваат за понатамошните чекори – мерка Отстранување од училиштето | |
| **6. Доколку ученикот под дејство на алкохол:**<br><br>-ја нарушува работната атмосфера<br><br><br><br><br><br><br><br>-навредува ученици, наставници и друг персонал<br><br><br>-го уништува инвентарот<br><br>-насилно се однесува | ●се повлекува во посебна просторија и со придружба се упатива дома или на лекар, се информира родителот<br><br>●Во наредните денови се анализира настаната ситуација и утврдуваат условите поврзани со настанот.<br>Врз основа на сознанијата и тежината на настанатата случка се донесува одлука за изречена мерка Писмена опомена пред отстранување<br>● се повлекува во посебна просторија се разговара со ученикот, се повикуваат другите учесници или сведоци на случката на разговор<br><br>●се повикува родител, се реализира советување, се изрекува мерка Писмена опомена пред отстранување<br><br><br>●ученикот двојно ја надоместува направената штета, се повукува обезбедувањето доколку го има во училиштето и полицијата<br><br>●ученикот се упатува на советување и прави пишан договор за поправање на однесувањето. Доколку не дојде до поправање во однесувањето, се изложува случајот пред наставничкиот совет и донесува мерка - Отстранување од училиштето. | Класен раководител, наставник, стручен соработник, лице од техничкиот пресонал, лице од обезбедувањето доколку постои, дежурен наставник,родител<br><br><br><br><br><br>Класен раководител, наставник, стручен соработник, лице од техничкиот пресонал, лице од обезбедувањето доколку постои, дежурен наставник,родител, Полиција |

| | | |
|---|---|---|
| **7. За време на училишна екскурзија доколку кај некој ученик/ка се открие дека поседува алкохол и/или се утврди дека се во алкохолизирана состојба**<br><br>- повторно се најде алкохол кај истите ученици | ●се запленува алкохолот од страна на наставникот и се предупредува ученикот на неповторување на случката<br><br>●се зголемува надзорот над учениците кои се инволвирани<br><br>● се донесува одлука за забрана да присуствува во иднина на организирани екскурзии | Класен раководител,наставници присутни на екскурзијата, ученик/ка |

Правила во однос на употреба и/или поседување на цигари,  алкохол и други дроги во училиштето СУГС Никола Карев – Скопје

Врз основа на Законот за средно образование  ( Службен весник на Р. Македонија бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2005, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008 ), Статутот на училиштето и Кодексот на однесување во училиштето, а во согласност со Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции ( Сл.Весник на Р. Македонија 36/95, 70/2003, 29/2004, 37/2005, 103/2008, 140/2008, 35/2010 ) во училиштето се востановени следните правила во однос на поседување на цигари, алкохол и др. дроги во училиштето :

1. Забрането е да се пушат цигари во училишната зграда и училишниот двор;
2. Не е дозволено доаѓање на училиште под дејство на алкохол. Забрането е поседување  и уживање на алкохол од страна на учениците;
3. Не е дозволено доаѓање на училиште под дејство на дроги, поседување и употреба на дроги; Забрането е продажба на дрога или наведување на други лица кон уживање на дроги

Според  Правилникот за начинот на изрекување на педагошки мерки во јавните средни училишта ( член 69 од Законот за средно образование) и Кодексот на однесување во училиштето :

► Педагошка мерка Опомена пред отстранување се изрекува во случај на :

- доаѓање на училиште под дејство на алокохол или дрога
- поседување или уживање на алкохол или дрога или алкохолизираност во училиштето

► Педагошка мерка Отстранување од училиштето се изрекува во случај на :

- Продажба на дрога или наведување на други лица кон уживање на дроги

## Дополнителни препораки :

● Често промените во однесувањето и ризичното однесување можат да бидат карактеристика на развојниот период во кој се наоѓаат младите, но и последица од сериозни проблеми со кои се соочува младиот човек или неговото семејство. Потребно е да се има в предвид поширокиот контекст во третирањеро на проблемите во однесувањето.

● Во најголемброј случаи станува збор за **сомневање за употреба** на алкохол, цигари или други дроги од страна на некој ученик. Само во мал број на случаи со сигурност може да се знае дека станува збор токму за употреба и/или поседување на алкохол или некоја др. психоактивна супстанција, но и тогаш нема да може прецизно да се знае колку често употребува и кои се причините за тоа. Затоа треба внимателно да се пристапи при секое неприлагодено однесување.

● Класниот раководител и училишниот психолог или педагог треба да имаат в предвид дека сите случаи е потребно да се третираат посебно – секој ученик е индивидуа за себе и реагира различно. Искуствата од претходните случаи не секогаш се применливи и на новите.

● Училишниот психолог или педагог требада создаде атмосфера на доверба со цел ученикот да почне отворено да разговара за причините на таквото однесување.

● Ученикот треба да биде информиран за постапката и сите последици кои произлегуваат од неа , но и за подготвеноста да му се помогне во надминувањето на неприлагоденото однесување.

● Не смее да се навредува личноста на ученикот.

● Стручниот соработник води записник за средбите со ученикот и родителите. Исто така, води и соодветна документација во случај на изрекување на педагошки мерки.

● Протоколот важи за сите ученици подеднакво без негово селективно спроведување.

# ПРОТОКОЛ

## ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ СОМНЕВАЊЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И / ИЛИ ПОСЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС И ДРУГИ ДРОГИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Скопје

2011 / 2012

СУГС ,, Никола Карев ” – Скопје

# Протокол за постапување при сомневање за користење, користење / и или поседување на канабис

# и други дроги во училиштето

Овој протокол ги дефинира улогите и одговорностите на членовите на училишната заедница во однос на регулирањето на употреба на канабис и др. дроги во училиштето. Целта на протоколот е да ги надополни постоечките регулативи копи се веќе поставени во Законот за средно образование, Статутот на училиштето и Кодексот на однесување и се овозможува нивно усогласување со секојдневните практики во училиштето.

| Однесување | Активнст – мерка | Вклучени лица |
|---|---|---|
| **1.Сомневање за употреба на канабис и др. дроги** | ●Наставникот го набљудува ученикот/ката подолго време за да си ги разјасни сомневањата ( промени во однесувањето, физичкиот изглед, нагли промени во училишните постигнувања, нередовно посетување на наставата) | Наставник, ученик |
| **2.Доколки се отфрли сомневњето за употреба на канабис и др. дроги, а постојат промени во однесувањето** | ●Наставникот разговара со класниот раководител со цел да го информира за забележаните промени и да се разјаснат причините за промените во однесувањето на ученикот/ката<br>●Класниот раководител ги повикува на разговор родителите за да ги информира за промените и по можност заеднички да ги утврдат причините | Наставник, калсен раководител<br>Класен раководител, родител |
| **3.Доколку се потврди сомневањето дека учникот/ката употребува канабис или др.** | ●Наставникот разговара со класниот раководител и го информира за сомневањета и заклучоците кои ги донел | Наставник, класен раководител |

| | | |
|---|---|---|
| **дрога** | ●Класниот раководител ја информира Стручната служба<br><br>●Педагогот,психологот разговраат со ученикот/ката за последиците што следуваат од употребата на различните видови на дроги<br><br>●Класниот раководител заедно со Стручната служба ги повикуваат родителите на ученикот/ката на разговор<br>- на родителите им се нагласува дека училиштето ќе вложи напори да му се помогне на ученикот, но не смее да се повтори ситуацијата ученикот/ката да биде под сомнавање за употреба на дрога<br><br>●Класниот раководител по одржан советодавен разговор со стручаната служба продолжува да го следи однесувањето на ученикот/ката<br>Причината за разговорот со опис на однесувањето на ученикот се заведува во ученичкото досие на ученикот од страна на класниот раководител<br><br>●Класниот раководител може да му даде задача на ученикот да напише есеј на тема последици од употреба на дроги или слични теми или предложи да биде вклучен во други дополнителни активности во училиштето<br><br>●Доколку ученикот го подобри однесувањето се пофалува за успехот и се известуваат родителите за напредокот | Класен раководител, стручен соработник<br><br>Класен раководител, психолог, педагог, родител, ученик,ка<br><br>Класенраководител, ученик, родител |

| | | |
|---|---|---|
| **4.Доколку ученикот/ката го повтори истото однесување** | ●Класниот раководител заедно со стручниот соработник ги преземаат чекорите предвидени со Законот за средно образование<br><br>●Класниот раководител го упатува ученикот на советодавен разговор кај училишниот психолог, педагог во врска со причините и последиците од таквото однесување<br><br>●Се формира Комисија ( еден наставник, класен раководител и стручен соработник ) и се изготвува записник со водената евиденција и опис на настаните со ученикот/ката<br>-Се постапува според правилата  кои произлегуваат од Законот за средно образование и Статутот на училиштето<br><br>-Класниот раководител ги информира родителите и повикува на разговор<br><br>-Класниот раководител го информира директорот на училиштето<br><br>-Класниот раководител ја изнесува ситуацијата со ученикот/ката со водената евиденција за превземените чекори и се предлата мерката Опомена пред отстранување а, Наставничкиот совет ја изрекува мерката и се намалува поведението<br><br>●Оваа мерка може да ја изрече и директорот на училиштето во случај однесувањето на ученикот/ката да е утврдено од | Класен раководител, психолог, педагог<br><br>психолог, педагог, ученик,ка<br><br>класен раководител, стрчен соработник, наставник<br><br>класен раководите, родител<br><br>класен раководител, директор<br><br>класен раководител, директор, Наставнички совет, родител |

| | | |
|---|---|---|
| 5.**Доколку има подобрување во однесувањето и не го повтори однесувањето** | страна на директорот<br><br>●Класниот раководител ги информира родителите и ученикот за изречената мерка<br><br>●Според проценката училишниот психолог може да го упати ученикот/ката и родителите до соодветна институција или организација ( Центар за социјални работи, Семејно советување  и др. )<br><br>●Класниот раководител го следи однесувањето на ученикот по советодавните разговори со стручниот соработник, му задава задача или предлага учество во дополнителни активности<br><br>●Се пофалува ученикот; Се информираат родителите за напредокот и подобрувањето | Ученик,ка, стручен соработник, родител, надворешен стручен сорботник<br><br>класен раководител, ученик,ка |
| **6. Доколку ученикот продолжи со употреба на канабис или др.дрога или со поседување на дрога или продава  и наведува други лица на уживење на дроги** | ●Класниот раководител го информира училишниот психолог или педагог<br><br>●Класниот раководител го информира директорот на училиштето<br><br>●Се формира комисија составена од класниот раководител, претставник од Стручната служба и еден наставник кој му предава на ученикот<br><br>●Во присуство на родителот и ученикот, комисијата | класен раководител, стручен соработник<br><br>класен раководител, родител<br><br>класен раководител, стручен соработник, наставник |

| | | |
|---|---|---|
| | предлага педагошка мерка Отстранување од училиште до Наставничкиот совет, согласно со Законот за средно образование, Статутот на училиштето и Кодексот на однесување. Доколку Наставничкиот совет ја усвои предложената мерка истата се образложува во пишана форма со јасно образложение и доставува до ученикот и родителот | класен раководител, стручен соработник, директор, Наставнички совет, |